Групацијата LIBERTY Steel Group, како дел од GFG Alliance, е глобална компанија за челик и рударство со над 30.000 вработени на повеќе од 200 локации на четири континенти. Тоа е меѓународен бизнис со интегрирана понуда - од производство на течен челик направен од суровини и рециклирани материјали до челици со голема прецизност и придружни услуги, достапни за клиенти ширум светот.
Либерти Скопје, како дел од Либерти Стил Групацијата, е еден од најголемите производители на челични производи на Балканот и нуди ладновалани, поцинкувани и пластифицирани производи, главно за сегментот на општа индустрија на регионалниот пазар. Ние веруваме дека нашата позиција во челичната и рударската индустрија носи уникатни можности.
Ги покануваме сите заинтересирани лица да аплицираат за следната позиција:













# Координатор за безбедност, здравје при работа и животна средина

## Клучни одговорности:

- Го следи и спроведува системот за управување со животна средина и барањата од Интегрираната А дозвола.
- Организира и контролира процеси за прием, селекција, обележување и евиденција на отпад на назначените локации за привремено складирање.
- Води точна документација за сите видови отпад, вклучувајќи транспортни и идентификациони формулари.
- Комуницира со овластени компании за преземање и третман на отпадот.
- Организира мерења на емисии, амбиентален воздух и отпадни води во соработка со акредитирани лаборатории, согласно дефинираната динамика.
- Врши редовни инспекции на производствените линии и предлага корективни мерки за подобрување на еколошките стандарди.
- Поттикнува еколошка свест кај вработените, контракторите и добавувачите и спроведува интерни обуки за животна средина.
- Ги спроведува и унапредува политиките и процедурите за безбедност и здравје при работа.
- Организира и следи испитувања на опрема подложна на инспекција, технички прегледи и контроли за противпожарна заштита.
- Врши редовни контроли и инспекции на производствените линии во согласност со безбедносните стандарди и предлага превентивни мерки.
- Се грижи за снабдување, квалитет и достапност на лична заштитна опрема за сите вработени.
- Поттикнува култура на безбедност и одговорност преку обуки и промовирање на свесноста за ризиците и превенцијата.

## Личен профил:

- Завршено средно или високо образование од техничка насока (предност: заштита при работа, инженерство, животна средина).
- Познавање на законската регулатива и стандарди поврзани со безбедност, здравје и животна средина (ISO 14001, ISO 45001).
- Организациски и аналитички способности со внимание на детали.
- Способност за комуникација и координација со различни оддели и надворешни партнери.
- Вештини за решавање проблеми и донесување одлуки во динамична работна средина.
- Проактивен пристап, одговорност и способност за самостојна работа.
- Основно познавање на MS Office (Word, Excel, PowerPoint).
- Познавање на англиски јазик ќе се смета за предност.
- Минимум 5 години искуство во производствена компанија

Напомена: Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација ние ќе ги обработуваме Вашите лични податоци како преддоговорна активност или, доколку се согласите ќе ги чуваме во нашата база на кандидати. Вие можете да ја повлечете Вашата согласност во секое време со испраќање на барање на електронската пошта: HRJobs.Skopje@libertysteelgroup.com . Повеќе информации можете да најдете во Известувањето за приватност за кандидати за вработување: https://libertysteelgroup.com/mk/vacancies